**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: | 17-02-2016 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 10 | 986 | 1 | |

**До: д-р Зоран Трајчевски, директор**
**на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 29 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14 и 132/14), се доставува

**ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА ИЗВРШЕН АДМИНИСТРАТИВЕН НАДЗОР**

1. **Вид надзор:** редовен

2. **Субјект на надзорот:** Вториот телевизиски програмски сервис на Јавното радиодифузно претпријатие МАКЕДОНСКА РАДИОТЕЛЕВИЗИЈА Скопје, - **Македонска телевизија - Втор програмски сервис (МРТ2)**

3. **Период опфатен со надзорот:** 11 јануари 2016 година

4. **Датум на извршување на надзорот:** 17 февруари 2016 година

5. **Предмет на надзорот:**

    - **Член 12 од Законот за медиуми** (Импресум)
    - **Член 51 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (Информации достапни за корисниците)
    - **Член 97 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (Идентификација на радиодифузер)

6. **Претходно изречена мерка:** нема

7. **Констатации од надзорот:**

Со редовниот административен надзор врз телевизискиот програмски сервис на Јавното радиодифузно претпријатие МАКЕДОНСКА РАДИОТЕЛЕВИЗИЈА Скопје, - **Македонска телевизија - Втор програмски сервис (МРТ2)**, емитуван на 11 јануари 2016 година, на државно ниво, **е констатирано прекршување на член 12 од Законот за медиуми.**

Во програмите емитувани на 11 јануари 2016 година, не се објавени податоците со кои се идентификуваат авторите што учествувале во подготовката на аудиовизуелните содржини, за носителот на авторските права, за одговорниот уредник/уредниците на програмите, за потеклото и датумот на продукција на аудиовизуелните дела, името на медиумот од каде што е преземена содржината и тн.

што радиодифузерот е должен да ги емитува на соодветно место за секоја содржина од програмскиот сервис.

**МРТ2, 11.01.2016 година**

| Детален опис | Период на емитување | |
|---|---|---|
| | Почеток | Крај |
| **Вести** (без никакви податоци во одјавната шпица) | 00:00:00 | 00:04:02 |
| **Вести** (без никакви податоци во одјавната шпица) | 07:01:01 | 07:04:44 |
| **Zgjohu me ne** - утринска програма (забавно-информативна) - (без одјавна шпица) | 07:04:44 | 08:58:20 |
| **Urban Soul,** забавна емисија, Продукција Луна парк, за МРТ2 (без податоци во одјавната шпица) | 09:15:28 | 09:30:09 |
| **Топ-вести** (без одјавна шпица) | 09:59:54 | 10:11:21 |
| **Вести** – нецелосна одјавна шпица | 12:00:19 | 12:12:51 |
| Топ-вести (без одјавна шпица) | 14:00:30 | 14:09:45 |
| **Scanteau** - Информативна програма на влашки јазик (одјавна шпица со нецелосни податоци) | 14:29:53 | 14:59:58 |
| **Видик** – Информативна програма на српски јазик (во одјавната шпица се дава само името на уредникот) | 14:59:58 | 15:30:31 |
| **Вести** – нецелосна одјавна шпица | 18:30:06 | 18:54:59 |
| **Pro Vita,** информативна емисија за здравство (без одјавна шпица) | 20:00:01 | 20:58:38 |
| **Вести** – нецелосна одјавна шпица | 22:00:00 | 22:24:50 |
| **Compromise,** забавно-музичка емисија, Продукција Фабрика, за МРТ2 (нема целосни податоци во одјавната шпица) | 21:09:45 | 21:58:29 |

8. **Опис на прекршувањето:**

**Спротивно на член 12 од Законот за медиуми**, телевизискиот програмски сервис на државно ниво на Јавното радиодифузно претпријатие МАКЕДОНСКА РАДИОТЕЛЕВИЗИЈА Скопје, - **Македонска телевизија - Втор програмски сервис (МРТ2)**, на 11 јануари 2016 година, не ги објави податоците што е должен да ги емитува на соодветно место за секоја содржина од програмскиот сервис.

9. **Предлог мерка:**

- Директорот на Агенцијата да донесе решение со кое ќе го опомене Јавното радиодифузно претпријатие МАКЕДОНСКА РАДИОТЕЛЕВИЗИЈА Скопје, - Македонска телевизија - Втор програмски сервис (МРТ2) и согласно точка 7 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка бр.01-6039/1 од 20.10.2015 година, да му наложи

во рок од 45 дена од денот на приемот на решението да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за медиуми; и

- Да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот (радиодифузерот) постапил по опомената (во целост, делумно или не постапил), по истекот на рокот определен во поединечниот акт (решение), донесен од страна на директорот на Агенцијата.

***Сектор за програмски работи***